**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**

**- Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој –**

**Бр. 11-191/1**
**Од 09.02.2022 година**

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ( Сл.весник на РМ бр. 32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 65 од Статуатот на општина Чучер Сандево го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на јавен увид на изработен**

**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 - Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока (магацин за автоделови), на КП 1679, КО Глуво Бразда, О.Чучер Сандево**

Изработката на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 - Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока (магацин за автоделови), на КП 1679, КО Глуво Бразда, О.Чучер Сандево, ќе се одвива во рамките на границата на катастарските парцели опфатени во урбанистичкиот проект, односно границата на проектниот опфат на катастарските парцели на КП 1679, КО Глуво Бразда, О.Чучер Сандево.

Градежната парцела е дефинирана со следните граници:

- На север границата почнува да се движи од точка помеѓу тромеѓето на КП 1679, КП 1678/2 и КП 1655/2, КО Глуво Бразда и продолжува во северо источен правец до најсеверната точка помеѓу тромеѓето на КП 1679, КП 1678/2 и КП 3430/2, КО Глуво Бразда;
- На исток границата се движи во југо источен правец, при што истата се движи по западната Граица на КП 3430/2, КО Глуво Бразда;
- На југ границата започнува од најјужната точка и се движи во западен правец долж јужната граница на КП 1679, КО Глуво Бразда ;
- На запад границата се движи во северен правец долж источната граница на КП 1655/2, КО Глуво Бразда

Површината која ја опфаќа проектниот опфат изнесува 2629 м$^2$, а воедно и формираната градежна парцела. Документацијата треба да се изработи во размер М=1:1000. Проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна Комисијата за урбанизам на Општина Чучер Сандево.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 - Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока (магацин за автоделови), на КП 1679, КО Глуво Бразда, О.Чучер Сандево, ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната web страна на Општина Чучер Сандево: https://cucersandevo.gov.mk/

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението започнувајќи од 09.02.2022 година.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Изработил:
Марија Мошев



Location: опш.чучер сандево
Date: 2022-02-09 13:09:05

Градоначалник на Општина Чучер Сандево
Сашко Комненовиќ

SAShKO KOMNENOVIKj

Digitally signed by SAShKO KOMNENOVIKj
DN: C=MK, OID.2.5.4.97=VATMK-4030004559674 + O=OPShTINA ChUChER SANDEVO, OU=OPShTINA ChUChER SANDEVO:4030004559674, G=SAShKO + SERIALNUMBER=CRT3610964 + SN=KOMNENOVIKj + CN=SAShKO KOMNENOVIKj
Reason: I am the author of this document
Location: опш.чучер сандево
Date: 2022-02-09 13:09:29
Foxit Reader Version: 9.7.2